**Известување за концентрација со која Унитарното претпријатие Велком со регистрирано седиште на 220030 Интернасионалнаја ул. 36-2 Минск, Белорусија, има намера да се стекне со директна единствена контрола врз значителни средства од друштвото ТАА Самит, со седиште на ул. Октобраскаја, 77 ком. 101, 2114087 Полок, Витебска област Белорусија (предмет бр. 08-19/2019)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на Република Македонија бр. 145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 08.02.2019 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата прими известување за концентрација со која Унитарното претпријатие Велком, со регистрирано седиште на 220030 Интернасионалнаја ул. 36-2 Минск, Белорусија има намера да се стекне со директна единствена контрола врз значителни средства од друштвото ТАА Самит, со седиште на ул. Октобраскаја, 77 ком. 101, 2114087 Полок, Витебска област Белорусија, преку купување на имот.

Велком е подружница на Телеком Австрија АГ. Групацијата Телеком Австрија е дел од Америка Мовил Груп и е активна во Македонија како давател на мобилни телекомуникациски услуги, услуги од фиксна телефонија, широкопојасен интернет пристап и дистрибуција на медиумски содржини.

Целните ствари се користат од страна на продавачот за давање на услуги на кабелска телевизија, како и да е, овие активности се ограничени на територијата на Белорусија и целните ствари не се користат за вршење на било какви активности на територијата на Македонија.

Според подносителот релевантниот пазар може да биде дефиниран како пазар за дистрибуција на медиумски содржини. Релевантниот географски пазар може да биде дефиниран како територијата на РепубликаМакедонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на факс: 02 3296 466, на адреса: ул. Св. Кирил и Методиј 54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

19.02.2019 година
Скопје